ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 23.01.2012 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Директор на ЈП Комуналец **Цане Николовски**, Советник **Никола Граматиков** и Советник **Игор Додевски** .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Дневниот ред со матријалите за совет да се доставуваат и до трудови инвалиди. Во врска со советничките прашања за седница на совет да се повика ЈП Комуналец .Јаготка Николовска 23.01.2012

Да се пуштат покани до сопственици на имот во Дурачка Река за 30 Јануари за потпишување на нотарски изјави. Јаготка Николовска 23.1.2012

Да се формира Комисија за именување на улици , плоштади и други инфраструктурни објекти за општина крива Паланка и да се известат координатори на советнички групи. Јаготка Николовска и Билјана Тасевска 23.1.2012

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Да се закаже состанок за Вторник во 12.30 часот за Станачка река. Да се контактира со Национален Конзерваторски Центар во поглед на ѕидот кај општината. Добривој Николовски 23.1.2012

Околу проблеми со изработката на урбанистичките планови да се контактира со Комитет за градежна експанзија и Министерството. Добривој Николовски 23.1.2012

По подобрување на временските услови да се отпочне со активностите за сообраќајно одбележување на улиците. Добривој Николовски 23.1.2012

Одделение за инспекциски надзор

Достава на опомени за наплата на приходи на општина и заклучоците од постапките за легализација на Дивоградби Комунални редари, Доставна служба. Координација со Јаготка Николовска, Татјана Георгиевска, Добривој Николовски. Бранко Велиновски 23.1.2012

Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

Да се подготви типска изјава за вработените за надминување на одредениот износ за мобилен телефон дека се согласни надминатиот износ да им се одбие од плата и да се потпише од страна на вработените. Татајана Ѓеоргиевска 23.1.2012

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Да се контактира со Градоначалникот на Литија – Словенија. Душко Арсовски 23.1.2012

Да се извести Градинката Детелинка да изготват проект за замена на таблите. Душко Арсовски 23.1.2012

До сите одделенија да се достави карата на услуги на општина Крива Паланка доколку постојат проемни истите да се ажурираат . Душко Арсовски + сите одделенија 23.1.2012

Во врска со проектите од Североисточниот плански регион да се разгледа дописот и да се одговори до понеделник. Да се организира состанок на раководителите во Мала сала. Душко Арсовски 23.1.2012

Да се преземаат активноси и да се води постапката за донесување на програмата за енергетска ефикасност. Душко Арсовски 23.1.2012

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Да се посети општината Ѓорче Петров и се види за физибилити студија од општината. Никола Граматиков

ЈП КОМУНАЛЕЦ

До одделение за општи и правни работи да се достави одлуката од Управниот одбор на ЈП Комуналец за овластување за потпишување на документи за задолжување. Цане Николовски и Билјана Тасевска 23.01.2012 година.

Во доставата на опомени и заклучоци да се вклучи доставната служба на ЈП Комуналец 23.1.2012 г.Цане Николовски.

Изготвил И. Додевски

Крива Паланка 23.01.2012 година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Александар Ангелов	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Цане Николовски	_____
Бранко Велиновски	_____		